ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 17 април 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна посета на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева - Змејкова на Струмица и Радовиш



Струмица е град лидер во Македонија во користењето на електронските услуги на Фондот за здравствено осигрување на Македонија.  Дури 95% од струмичките осигуреници ги подигнале своите електронски здравствени картички, 65% од фирмите  се најавиле на веб порталот на Фондот и ги користат електронските услуги, наместо да доаѓаат  на шелтерите во подрачната служба. Ова денес го соопшти директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова при нејзината посета на подрачната служба на ФЗОМ во Струмица. Парнарџиева-Змејкова го изрази своето задоволство од функционирањето на подрачната служба и од ажурноста на граѓаните и фирмите во Струмица, кои меѓу првите фатија приклучок со современите информатички текови на работење.

На шестата едукативна работилница наменета за пензионерите за едукација во однос на нивните права од здравствено осигурување, како и  запознавањето со определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ, директорката Парнарџиева Змејкова од Сојузот на пензионери на Радовиш доби благодарница за  успешно реализирање на едукативните работилници кои имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за нивните права од здравственото осигурување.



